Живот

Објавено на: 20.03.2009 00:00:00
Автор: Катерина НешковаИзвор: Број 182

# Бакојани горда Македонка којашто не признава Македонци!

Грција во тотално бунило




Од прес-конференцијата на Дора Бакојани во Воден

Во исто време додека Бакојани од Воден од петни жили се обидуваше да го негира македонското малцинство во северна Грција, Елефтеротипија реобјави 17 години старо интервју на грчкиот новинар и критичар во егзил Илијас Петрополус кој отворено говори за грчкиот шовинизам и расизам врз македонското население по Втората светска војнаПишува: Катерина НЕШКОВАФото: Андон ДАВЧЕВВо налетот да го негира македонското малцинство во Грција и да ги избегне претставниците на Виножито што ? тропаа на порти додека држеше прес-конференција во Воден, а кои сакаа да ? го подарат Абецедарот (оној од 1925 г. што грчката Влада под притисок на меѓународната заедница го отпечати за Македонците од егејскиот дел, но никогаш не го пушти во употреба), грчката шефица на дипломатијата Дора Бакојани призна дека е горда Македонка. Впрочем, Бакојани е Македонка од страната на нејзината мајка која, доколку цврстата политика на негирање малцинства не беше толку силна, ќе учеше од Абецедарот.“Во однос на историјата, грчкиот народ има секакво право да биде горд на својата историја во сите фази и за сите луѓе кои паднале за Грција и во борбата за оваа земја. Јас сум горда на нив, како што сум горда на историјата на античките Македонци”, рече министерката за надворешни работи на Грција во Воден.НЕСЛУЧАЈНА СРЕДБА ВО ВОДЕНШармантната Бакојани, која и ветото за влез на Македонија во НАТО на самитот во Букурешт го презентираше со широка насмевка, минатиот викенд во Воден како да се подзасркна кога неколку членови на Виножито се обидоа да влезат на нејзината прес-конференција.А, прес-конференцијата секако беше нејзина и не така случајна. Впрочем, Бакојани преку дописниците на грчките медиуми во Македонија, им порача на македонските новинари, и покрај проблемите кои ги имаа летоска за да влезат во Грција, дека сега не само што ќе можат да присуствуваат на средбата со локалните новинари, ами ќе можат и да поставаат две до три прашања. Бакојани сакаше на македонската јавност директно да и’ испрати порака дека Грција не го признава македонското малцинство. Дури ни местото не беше случајно одбрано. Воден (на грчки Едеса) е едно од најголемите упоришта на Македонците кои живеат во егејскиот дел. Воден е еден од најубавите градови во овој дел, познат по најдобрите цреши и праски на Балканот, но и по големите водопади по коишто градот го добил своето име. Брои околу 20.000 жители, повеќе од половината се Македонци. За разлика од другите погранични градови во кои поради грчката репресија Македонците со двоумење проговоруваат на македонски, во Воден одвај се чека некој гостин од Македонија за да ви кажат жителите дека се Македонци, дека го познаваат јазикот, дека пеат исти песни, дека имаат роднини во Скопје и Битола. Градоначалникот на Воден исто така има македонско

потекло, но тој тешко дека тоа ќе го признае на начин на кој другите го прават. Во една таква средина, легитимно е човек да заклучи дека нималку не е случајно што Бакојани и Неа демократија решија токму од ова место да ги почнат подготовките за европските избори во јуни преку средба со локалните организации. Не толку за изборите - колку за пораката дека нема македонско малцинство, а на официјално Скопје да му порача дека постојаните иницијативи за проверка на положбата на малцинствата во Грција пред меѓународните инстанци и тоа како ќе влијае на идната грчка стратегија во спорот за името на државава.На прашањето зошто на претставниците на Виножито не им беше дозволен влез во хотелот Ксенија каде што се одржуваше средбата со Бакојани, таа рече:“За да одговорам на прашањето, претходно сакам да расчистам дека во Грција нема македонско малцинство. Во Грција постои право на индивидуално самоопределување и ние никогаш нема да прифатиме друга држава да определува сродно малцинство... Нема да дозволам ниту една трета земја да ги определува нашите граѓани. Тоа сите го разбираме, како што и ние немаме желба да ги определуваме граѓаните на друга земја”.ЕЛЕФТЕРОТИПИЈА ЈА НЕГИРА БАКОЈАНИНо, во исто време додека Бакојани од Воден од петни жили се обидуваше да ги негира луѓето кои полицијата ги спречи да влезат на прес-конференцијата, но и 10.000 други кои во овој град без трошка двоумење велат дека се Македонци и роднини на луѓето кои живеат на север од другата страна на границата, Елефтеротипија го реобјави 17 години старото интервју на Илијас Петрополус, познат новинар и аналитичар, дадено за македонското списание Епоха. Петрополус е роден во Атина на 26 јуни 1928 г. По правните и политичко-економските студии, тој станува новинар и еден од “најзначајните уметнички критичари по војната во Грција” (како што ќе го нарече професорот Савидис во текот на еден судски процес). Соработник е на познатите светски весници: Франкфуртер рундшау, Монд, Дер шпигел и Њујорк тајмс. Држел предавање на универзитетите во Париз, Берлин и Амстердам. Петрополус во своето интервју јавно говори за грчкиот шовинизам.“Современиот грчки расизам или шовинизам доаѓа во најголема мера од образованието што ги води грчките деца кон параноична конфронтација со балканската реалност. Потребна е тешка и долга борба против расизмот, кој се претставува во различни маски. Верувам дека најдобар лек против неговата појава е длабокото запознавање меѓу народите”, вели грчкиот новинар во француски егзил.Мотивите за реобјавување на интервјуто во Елефтеротипија, грчкиот весник ги врзува со годишнината од големите протести во Солун од 1992 г. за македонското прашање. Во едиторијалот весникот остро ја критикува грчката официјална политика на “национална хистерија” кон северниот сосед.“Го реобјавуваме едно од најинтересните интервјуа дадено за македонски неделник пред 17 години во времето на големиот митинг во Солун за македонското прашање, кој беше одлучувачки за идната политика на Грција, а која Владата, но и опозицијата ги однесе во ќор-сокак на една воинствена политика дека Македонија е една и грчка. Денес, со исклучок на организираната екстремна десница и некои ветерани кои се издржаваат преку тајни фондови, сите се согласуваат дека климата од почетокот на 1992 е таа која ја чинеше Грција создавање на времено и обострано прифатено решеније, во однос на проблемот кој се создаде по независноста на Бившата Југословенска Република Македонија.”, пишува Елефтеротипија.Весникот признава дека никој од грчките медиуми во 1992 г. немал храброст да го објави ваквото интервју.“Штотуку беше издадено списанието, Петропулос ни испрати една копија од издаденото и од неговиот текста на грчки јазик: ексклузивно за 'Е'. Нормално тогаш никако не станувaше збор за издавање на овој текст во некој грчки весник. Телефонски му го објаснивме проблемот и се соочивме со неговото горко помирување...И оние кои во 1992 г. се осмелија да се спротистават на масовната и наметната националистичка хистерија, се соочија со правни гонења, со директи закани за линчување од страна на 'огорчените националисти' од нашата земја.”, објаснуваат во грчкиот весник.ЗА ИМЕТОБакојани од Воден ги испрати и последните пораки до македонската Влада и во врска со спорот со името. Таа дури покажа и некаква подготвеност за директни преговори со Скопје, барем на некое почетно ниво.“На нашите соседи им испраќаме порака на пријателство и порака дека нашите народи треба да живеат заедно. Ние сме соседи и логиката на минатото треба да ја оставиме зад нас и да се свртиме кон иднината. Ова зависи од Скопје затоа што ние имаме јасен став и подготвени сме за преговори кои ќе доведат до заемно прифатливо решение. Ние досега се изјаснивме за нашиот став кој како услов го поставија и сите сојузници во Букурешт. С? зависи од нив и од нивната волја да се најде решение за името. Грција е тука и посакува политичкото раководство на соседната земја да одлучи по кој пат ќе тргне... Тоа го мислам јас, која имам одговорност за една политика која н? однесе до Букурешт. На крајот сите заедно ќе живееме на овој Балкан, каде ќе бидеме под европски чадор. Исто така, го мислев и тоа што претходно го кажав, дека во Грција никој не го негира правото на самоопределување”, порача Бакојани.Таа повтори дека официјална грчка позиција е непроменета - едно сложено име за севкупна употреба.“Во овој момент оваа земја се вика БЈРМ. Ова е името што го користи во последните 17 години во договор со ОН. Кога велиме сложено име, мислиме на едно име за севкупна употреба кое стриктно ќе назначи дека не се однесува на цела географска Македонија од која Грција има 51%. За историјата не зборуваме затоа што тоа не е предмет на

преговорите. Ова е општо познат став уште од почетокот кој го знаат и сите сојузници од кои имаме поддршка. Верувам дека ако постои мудрост и логика кај соседната земја, во иднина ќе можеме да дојдеме до решение”, вели БакојаниГрчката шефица ја коментираше и предизборната реторика на македонските кандидати за претседател на државата.“Јас, лично, искрено посакувам предизборната реторика на соседната земја да заврши и Скопје да сфати дека може да има корист од добрососедските односи. Во спротивно, тие ќе останат изолирани, што нема да биде добро за никого”, посоветува грчката шефица на дипломатијата.

@ Copyright 2010 | Форум